ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВУК КАРАЏИЌ“
КУМАНОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО
# УЧЕБНА 2021/2022 ГОДИНА

ООУ “Вук Караџиќ” Куманово



**Јули 2022 година**

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД....3
2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ....3
3. МИСИЈА И ВИЗИЈА....10
4. СТЕКНАТИ ИСКУСТВА....10
5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ .... 13
6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ПОДРАЧЈА НА НАСТАВА.... 19
7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ....23
8. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛ. УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ И НАТПРЕВАРИ....31
9. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ....36
10. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕ....36
11. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ....37
12. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА....39
13. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА....42
14. УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ....44
15. РЕДОВНОСТ И ДИСЦИПЛИНА....55
16. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА....57
17. МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ....58

## 1.ВОВЕД

Според членот 108 и 122 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/19), Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование во училиштето, членот 12-17 од Статутот на ООУ „Вук Караџиќ" Куманово, наставните планови и програми за основно образование донесени од Министерството за образование и наука, на предлог на Наставнички совет и Училишниот одбор на седницата одржана на 01.07.2022 година до Совет на општина Куманово предлага Годишен извештај за работа на училиштето за учебна 2021/2022 година.

Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2021/2022 е изготвен врз основа на извештаи на наставниците и стручните соработници, како и врз основа на увид во реализацијата на Развојниот план и годишната програма за работа на училиштето од страна на тимот за следење и евалуација, директорот и психолошко-педагошката служба, училишната документација и извештаи од страна на Државниот просветен инспекторат од посети во текот на училишната година и извештај од извршен интегрален увид од 23-25 април 2019 година; извештаи од редовни инспекциски надзори од инспектор за труд и социјална политика, инспекторат за безбедност и инспекторат за здравство.

## 2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

**-Општи податоци за училиштето:**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ„Вук Караџиќ" |
| **адреса, општина, место** | Ул.„Браќа Филиповиќ" 17 Куманово |
| **телефон** | 031 424314 |
| **фах** | 031 242314 |
| **е-маил** | ouvk60@yahoo.com |
| **основано од** | Собрание на општина Куманово-Секретаријат за општествени дејности бр. 11-9097/1 од 7.12.1978 |
| **Верификација- број на актот** | Решение од МОН бр 10-1030/3 |
| **Година на верификација** | 5.6.1995 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |

| | |
|---|---|
| **Година на изградба** | 1974 |
| **Тип на градба** | цврста градба |
| **Површена на објектот** | 2713м² |
| **Површина на училшниот двор** | 1400 м² |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 800м² |
| **Училиштето работи во смена** | Во две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | Самостојно парно греење |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 18 |
| **Број на смени** | 2 |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | / |
| **Датум на добиен статус** | / |

**-Просторни услови за работа на училиштето:**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | 0 |
| **Бруто површина** | 3345 м² |
| **Нето површина** | 2713м² |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | П+1 |
| **Број на училници** | 17 |
| **Број на помошни простории** | 3 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење |

| | |
|---|---|
| **Материјално технички услови** | ЛЦД проектори-2; Лап топ за ученици во одделенска настава-64 и 6 полначи; Куќишта-13 ;Број на лап топ за наставници-26; Персонални компјутери-5; Кабинет по информатика- 1 сервер, 4 рутери, 4 свич и 10 компјутери со Виндовс; Принтери-2; Комбиниран апарат-принтер,скенер и копир 2; Фотокопир-1; Електронски табли-3, проектори-3, деск топ кимпјутери-2 и лап топ за наставници-1, таблети за ученици-4<br>Флип камера-1; Дигитална фотокамера-1; Звучници-2; ТВ приемници-2; ДВД со УСБ приклучок -1; Сателитска антена -1;Хармониум-1; Дигитални касетофони-3;Опрема за кабинети по физика и хемија од грантот„Тоше Проески";Табла за флип чарт со ногарки-2;Платно за проекции-1;Бела магнетна табла- 4,Пинг понг маса со рекети и мрежа-2;Шаховски табли- 10<br>Наставни средства по математика и природни науки-модели на дропски, геометриски тела, часовник, конструкторски прачки, нумерички стапчиња; 6 комплети дидактички материјали за Кембриџ програма 1-3 одделение; 6 повеќенаменски интерактивни календари и библиотеки на тркала за одделенска настава од Фондацијата „Чекор по чекор"<br>Наставни средства по ТО- компјутерски управувани контролни уреди со упатство за работа- 2 комплети, 1 комплет на едукативен робот, 5 комплети за работа на соларна енергија |
| Набавени материјално технички средства | - 83 парчиња лектирни изданија за училишна библиотека; Прирачник за наставници по македонски јазик и одделенска настава- 3 примероци; потрошен материјал за настава по хемија, спортски риквизити за физичко и здравствено образование (топки и јажиња за скокање); 10 клупи за компјутери; донации од Проектот Мозаик-5 фудбалски топки, 5 хулахопи,1 сет чуњеви, 1 пумпа; донација од Фондацијата Градиме заеднички мостови-3 топки за одбојка,2 топки за кошарка,2 топки за фудбал,10 јажиња за скокање, 2 пикада, 2 обрачи и 2 табли за кошеви, 2 гола за ракомет; 56 маици за ученици, прибор за одржување на еко акции, садници за озеленување на училишен двор (150 парчиња); 1 лулашка, 1 клацкалка, 3 жардињери со клупи за седење за училишен двор; 10 фудбалски топки донација од католичка црква во Куманово; поставен паркинг за велосипеди; поставена рампа на влезните скали; 119 книги белетристика и класична литература донација од МОН во рамките на Проектот „Ѕвезди на светската книжевност"; 50 книги, донација од МОН од едицијата Ѕвезди на светската книжевност; донациаја од НВО Садакаја-3 душеци и 2 медицинки, 2+2топки за кошарка, 3 ЦД плеери; 2 глобуса, хартија и хамер во боја, 2 модела на конкавно |

| | |
|---|---|
| | огледало, постер Сончев систем, 2 динамометари, 3 лакмуси, пластифицирани бројни оски, предметни и покровни стакла за микроскоп, лупа, термометар модел на око и модел на уво; 4комплета мрежа, рекети и топчиња за бадминтон, 4 топки за одбојка, 1 ќуле, географски карти на Европа, Македонија и Северна Америка; 8 плутани табли; 3 зелени табли, 1 флип чарт табла со ногарки, 1 историски глобус, модел на дропки; 2 постери од проектот Мултиетничка интеграција во образованието; професионален фотоапарат и наставен материјал од грнат во вредност од 60 000 мкд од „Проектот Поддршка на мулиетничко образование"; наставен материјал (хартија, хамери, лепак, тонери и сл) во вредност од 30000 денари од добиен грант од МОН за поддршка на мулиетнички воннаставни активности со решение бр.20-17167/1 од 28.12.2019;Прирачници граматика на македонски јазик; ваучер од Арс ламина: картички и постери за одделенска настава; електронски прирачник за користење на Микрософт Тимс; Упатство со прирачник за одржување на училишни објекти-2; 3 смарт табли, 3 проектори, 2деск компјутери, 2 лап топ за наставници; 10 таблети за ученици; наставни средства за физичко и здравствено образование во одделенска настава; нагледни средства за природни науки и општество во одделенска настава, нагледни средства за 1 и 4 одделение по нови наставни програми; нагледни средства за кабинети по физика, хемија и биологија и музичко образование; косилка за одржување на зеленило, апарат за заварување, делови за поправка на дребонг. Прирачници „Упатсво за комбинирана паралелка",„Водич во воннаставни активности",„Концепција за инклузивно образование";„Стратегии, модели и техники за успешно менаџирање со одделението или класот", „Вовед во педагогија" од проф.др Розалина Попова Коскарова; материјали за граѓанско образование; лап топ и лцд проектор од МЦГО; Учебник „Активен живот со високи психофизички и ментални перформанси" од Никола Котевски |

**-Структура на училиштето:**

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Вкупно 7 членови-<br>1.Од Наставнички совет: Фросина Ефремовска, Драгана Поповиќ Ивановска, Јасмина Трајчевска<br>2.Од Совет на родители: Горан Павловски, Александра Антевска, Драгица Орозовска |

| | |
|---|---|
| | 3.Од локлана самоуправа: Милена Јовановска<br>4. Ученички парламент: Ивана Петрушевска, Леона Стојановска |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | Вкупно18 членови<br>1-1 Надица Костовска<br>1-2 Маја Досијевска<br>2-1 Мирјана Михајловиќ<br>2-2 Анета Марковска Поповска<br>3-1 Ајредин Сабедино<br>3-2.Паула Трајковска<br>4-1. Александра Антевска<br>4-2. Клаудија Антоновска<br>5-1. Драгица Орозовска Јовановска<br>5-2. Марија Петковска<br>6-1. Горан Павловски-претседател<br>6-2. Елизабета Пандиловска-зам<br>7-1. Маја Крстевска<br>7-2. Емилија Димковска<br>8-1. Оливер Митровски<br>8-2. Марина Колевска-секретар-<br>9-1 Фросина Гиевска<br>9-2- Кристина Богдановска |
| **Стручни активи (видови)** | Стручен актив на одделенска настава,<br>Стручен актив на природна група предмети и<br>Стручен актив на општествена група предмети |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Совет на одделенски наставници-10+ 3 стручна служба<br>Совет на предметни наставници-19+3 стручна служба |
| **Членови на ученичка заедница (бр на ученици)** | 16 ученици -4:машки, 12 женски од 6-9 одделение |
| **Членови на еко-одбор (број)** | 22 |
| **СИТ-тим за мултиетничка интеграција** | 7 |

**-Наставен кадар:**

| **Одд.** | **вкупно** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонц** | | **Албанц** | | **Турци** | | **Роми** | | **Срби** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 41 | 8 | 26 | / | / | / | / | / | / | 3 | 4 |
| **Број на наставен кадар** | 27 | 5 | 18 | | | | | | | / | 4 |
| **Број на стручни соработ** | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работ** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 9 | 3 | 3 | / | / | / | / | / | / | 3 | / |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Директор** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

-Степен на образование на вработени:

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **Високо образование** | 27 |
| **Виша стручна спрема** | 5 |
| **Средно образование** | 8 |
| **ВКВ** | 1 |

-Староснa структура на вработени:

| **Години** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **20-30** | 0 |
| **31-40** | 11 |
| **41-50** | 10 |
| **51-60** | 12 |
| **61>** | 8 |

**Ученици:**

| **БРОЈНА ПОЛОЖБА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОЛ** | **ЗАПИШАН** | **ПРИДОЈДЕН** | **НАПУШТИЛ** | **ОСТАНАЛ** |
| машки | 42 | 1 | 1 | 42 |
| женски | 56 | 1 | 2 | 55 |
| вкупно | 98 | 2 | 3 | 97 |

| | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик- турски** | **Наставен јазик-српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 18 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 97 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 27 | / | / | / |

| **Одд.** | **Бр. на паралелки** | **Бр. на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Алба** | | **Турци** | | **Роми** | | **Срби** | | **други** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | 2 | 6 | 0 | 4 | | | | | 1 | 0 | 1 | 0 | | |
| **II** | 2 | 10 | 7 | 2 | | | | | 0 | 0 | 0 | 1 | | |
| **III** | 2 | 4 | 1 | 2 | | | | | 1 | 0 | 0 | 0 | | |
| **IV** | 2 | 11 | 4 | 5 | | | | | 1 | 1 | 0 | 0 | | |
| **V** | 2 | 14 | 6 | 5 | | | | | 2 | 0 | 0 | 1 | | |
| **I – V** | **10** | **45** | **18** | **18** | | | | | **5** | **1** | **1** | **2** | | |
| **VI** | 2 | 14 | 3 | 7 | | | | | 1 | 2 | 1 | 0 | | |
| **VII** | 2 | 10 | 1 | 4 | | | | | 1 | 3 | 1 | 0 | | |
| **VIII** | 2 | 11 | 2 | 7 | | | | | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| **IX** | 2 | 17 | 6 | 7 | | | | | 0 | 1 | 1 | 2 | | |
| **VI - IX** | **8** | **52** | **12** | **25** | | | | | **3** | **6** | **3** | **2** | **1** | |
| **I - IX** | **18** | **97** | **30** | **43** | | | | | **8** | **7** | **4** | **4** | **1** | |

## 3. ВИЗИЈА И МИСИЈА

**Сметаме дека со целокупното залагање на наставниот кадар,стручните органи на училиштето како и организациите на учениците и родителите, соработката со локалната заедница полека се стремиме кон остварување на визијата и мисијата на училиштето.**

**ВИЗИЈАТА** кон која се стремиме е училиштето да стане место каде сите субјекти во него ќе се чуствуваат слободно и безбедно, каде максимално ќе ги развијат своите потенцијали и ќе станат компетентни за акција ( да донесуваат одлуки, да се одговорни за своите постапки, да ги знаат своите права, да ги почитуваат правата и разликите на другите и да развиваат мултикултурна средина, да се грижат за својата животна средина,активно да учествуваат во животот на училиштето, да превземаат акции и да прават промени)

**МИСИЈА** на училиштето е развивање на холистички концепт на воспитно образовната дејност-градење на здрава и стимулативна средина во која сите субјекти во училиштето ќе имаат еднакви и оптимални можности да развијат знаења, вештини и здрава животна филозофија.

## 4.СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

**Во текот на учебната година се користеа искуства, стекнати знаења и вештини од повеќе обуки, реализирани проекти и активности. Најголемо позитивно влијание врз подобрување на квалитетот на наставата имаа следните:**

- Стекнати добри практики преку вебинарите организирани од порталот ЕДУИНО и Биро за развој на образование во услови на реализација на настава на далечина.
- Позитивни искуства од ПЕП проектот во областа на наставата и оценувањето на постигнувањата на учениците-повеќе наставници се сертифицирани во овие области
-Математика со размислување- во одделенска настава со наставници обучувачи и сертификатори
-Стекнати интеркултурни компетенции на наставниците преку кои наставниците во редовни и воннаставни активности реализираат содржини за запознавање прифаќање и почитување на различни култури и меѓуетничка интеграција на учениците
-Искуства од проектот „Со читање до лидерство"- Читаме учиме и се забавуваме со кои наставниците се стекнаа со компетенции преку користење на различни методи и техники да го олеснат совладување на наставниот материјал на учениците.

**-** Позитивни ефекти во областа на професионално усовршување на наставниците во областа на ИКТ во наставата, наставни методи и техники, оценување, работилници, микрософт иновативни наставници, Интел натпревар, нагледни часови,-така што секојдневна пракса за најголемиот број на наставници станаа новите методи и техники во подучувањето и оценувањето и ИКТ во наставата

**-** Позитивни искуства од проектот за унапредување на здравје во училиштето за интерактивен пристап во подучувањето, активно учество на учениците во животот на училиштето, холистички пристап во воспитно образовната работа-резултира со активна ученичка заедница, ученици кои знаат да проценат потреба, да направат акција и да добијат промена што е исполнување на визијата на училиштето

**-**Проектот Безбедни училишта подржан од Совет на општина Куманово, СВР и ОБСЕ и оваа година продолжи со реализација во основни училишта и влезе како редовна активност во програмата на училиштето. Формираните тимови на ниво на паралеки од 6-9 одделение и тим на ниво на училиште имаат повеќе активности во текот на целата учебна година од областа на меѓусебно запознавање и почитување на други култути и националности, дружење и учење; во училиште тимовите се организираа за да ја зголемат безбедноста во училиштето и околината вклучувајќи ги сите организации и органи на училиштето-ученичка заедница, Совет на родители, вработените итн. иницираа повеќе барања за соработка со СВР Куманово, ООУ Наим Фрашери.

-Еко проектот- покрај почетните тешкотии во реализацијата на проектот од недоволна обученост на наставниците, непознавање на материјата, немање литература, оваа учебна година работите доаѓаат на свое место, со добра организираност на еко одборот, еко патролите, добро обмислени акции и кампањи се подготвуваме идната година да се кандидираме за зелено знаме

-Проектот превенција на насилство во комбинација со проектот за безбедно училиште и мултуикултурна интеграција ја издигнавме свесноста за потребата од обуки за ненасилсно решавање на конфликти и медијација како непходни вештини со кои треба да се стекнат младите во секојдневното современо живеење.

-Училиште на 21 век-микробит

-Во рамките на Проектот Мултикултурна интеграција во обрзованието- повеќе генерации на ученици во последователен редослед со мешен состав на наставници од ООУ Вук Караџиќ и ООУ Наим Фрашери и Дитуриа од Липково реализираа мултикултурни работилници, вонаставни активности од областа на културата и уметноста, екскурзии, посети и младински кампови во соработка со ЦИД, УНИЦЕФ и ПРЕК; МЦГО и УСАИД; Мировна акција и Доверба Куманово и се стекнаа со знаења и вештини за живот и работа во мултикултурни интегрирани училишта

**-**Проектот Безбедни училишта подржан од Совет на општина Куманово, СВР и ОЕПСЕ започна со реализација во основни училишта и влезе како редовна активност во програмата на училиштето. Формираните тимови на ниво на паралеки од 6-8 одделение и тим на

ниво на училиште имаа повеќе активности во текот на целата учебна година од областа на меѓусебно запознавање и почитување на други култути и националности, дружење и учење; во училиште тимовите се организираа за да ја зголемат безбедноста во училиштето и околината вклучувајќи ги сите организации и органи на училиштето-ученичка заедница, Совет на родители, вработените итн. Иницираа повеќе барања за соработка со СВР Куманово, ОУ Наим Фрашери

-Еко проектот- покрај почетните тешкотии во реализацијата на проектот од недоволна обученост на наставниците, непознавање на материјата, немање литература, последните учебни години со добра организираност на еко одборот, еко патролите, добро обмислени акции и кампањи се подготвуваме идната година да се кандидираме за зелено знаме

-Проектот превенција на насилство ги обучи училишните тимови да изготват добра ревизија и добра училишна политика на сеопфатна програма за превенција на насилство и интервенција во случај на инциденти, Во комбинација со проектот за безбедно училиште и мултуикултурна интеграција ја издигнавме свесноста за потребата од обуки за ненасилсно решавање на конфликти и медијација како непходни вештини со кои треба да се стекнат младите во секојдневното современо живеење.

-Добри резултати даде и соработката со бизнис секторот во општината – ЈП Козјак Куманово кои донираа материјал за реконструкција на ѕидови во училиштето- малтерисување (песок, цемент и усје мал), ЈП Чистота и зеленило во озеленување на скалите, сечење на суви дрвја пред училиштето, МВР Куманово во проектот Безбедни училишта; Агрофинал/картонажа во собирање и дистрибуција на стара хартија; ДПТГУ Бајдевски; Аудит Стојчевски, Народна банка на РМ, Општина Куманово за реализација на проектот Реконструкција на ООУ Вук Караџиќ со донација од Владата на Јапонија за 2016 година; Арс инженеринг, Куманово План, Дрво пром Дооел Муродвис Зрновци, Кочани, Инком инженеринг, во реализација на проектот Рехабилитација на ООУ Вук Караџиќ со инвестиција од МОН; БФ Адис Куманово во реконструкција на тоалети и влезна порта на дворот на училиштето.

-Соработката со НВО во општината и РМ- ЦИД Куманово, Мировна акција од Прилеп, Доверба Куманово, ТВ плус, Садакаја од Тетово, Коло српских сестара Куманово (проектот „Хероине великог рата" и доделување на награди на ученици за Св. Сава); Удружена српска заедница во Куманово (одбележување на Св Сава) овозможи наши ученици и наставници да станат дел на манифестации,конкурси и донации

-Соработката со учителско друштво Лесковац овозможи наши ученици и наставничка да станат дел од Меѓународен „Креф"- Фестивал на едукативни филмови – Просветни оскари 2017,2018 и 2019 година

-Учество на учениците и вработените во училиштето во проектот на Здружението ЦИВИС за мултикултурно оштество на тема Повеќе култури –повеќе вредности.

**Училиштето се стекна со Сертификати**: 1. Сертификат за квалитет IASS 2019:2021; 2.Сертификат за општествена одговорност IASS 2020:2022; 3. Сертификат за квалитет IASS 2021:2023 со златен печат; 4. Сертификат за животна средина IASS:ENV.C 2021:2023;

## *5.РЕАЛИЗИРАНИ ПОДРАЧЈА, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ*

❖ *Професионално усовршување на наставниот кадар*:

Претходните години најчеста форма за перманентно унапредување на работата на наставниците се организираните семинари организирани од Биро за развој на образованието, УСАИД и следење на стручната литература.

Во текот на учебна 2021/2022 година наставниот кадар ги посетуваше следните обуки:

| **РБ** | **Тема на обука** | **Организатор на обука** | **Учесници** | **Датум** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Состаноци со Министерка на образование за услови и тек на наставно образовниот процес по нови наставни програми | МОН/Микрософт Тимс и ЗООМ платформа | директор | 25.8.21<br>1.9.21<br>3.9.21<br>22.9.2021<br>26.11 21 |
| 2. | Обука за стручен испит по нови правилници | МОН, ДИЦ | Директор | 17.9.21 |
| 3. | Работилница за имплементација на МКФ-регионален центар во Куманово | Сојуз на специјални едукатори и рехабилитација на РСМ, УНИЦЕФ, Национално координатевно тело за спроведување на Конвенција на ООН | Директор<br>Стручна служба педагог и психолог<br>родители | 19.5.2022 |
| 4. | Обука на наставници за нови наставни програми за 1 и 4 одделение и упатства за оценување за учебна 2021/22 година | БРО/ ЗООМ платформа | Сите наставници кои предаваат во 1 и 4 одделение | 23.8.21<br>28.8.21 |
| 5 | Инструкции за користење на дигитални учебници | МОН | Лила Андоновска<br>Јелена Мандиќ | 13.8.21 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Тања Величковска | |
| 6. | Он лајн курс со ресурсен центар Иднина Скопје | БРО,МОН | Членови на инклузивен тим | 30.8.21 |
| 7. | Обука за безбедност при работа | Лиценцирана фирма ЛМ Безбедност | Сите вработени | 26.10.2021 |
| 8. | Он Лине вебинари на повеќе теми | БРО, УНИЦЕФ | Јасмина Трајчевска<br>Биљана Масевска | 27.10.21-<br>15.12.21 |
| 9. | Обука за Смарт табли | Тримакс | Наставници од одделенска и предемтна настава, | 15.10.2021 |
| 10 | Обука на наставници, училишни администратори за ЕСАРУ | ЕУ Проект „Подобрување на квалитет на податоци и зајакнување на и креирање на политики“ | Дејан Евтимов<br>Тања Величковска<br>Розита Ѓорѓевиќ | 23.8.21-<br>30.12.21 |
| 10. | Спречување и борба против трговија со деца | БРО, МОН, Совет на Европа во Скопје, Европска Унија | Училишен тим за професионален развој и Анита Младеновиќ;<br>Јелена Мандиќ | 24.11.21 |
| 11 | Он лине обуки на повеќе теми | Мировен корпус 3 | Тања Величковска | 23.11.21-<br>1.3.22 |
| 12 | ЕДУ Вебинер: Мултидисциплинарна интеграција низ пример на предмет историја иопштество | МОН, УНИЦЕФ | Милева Илиевска | 9.12.21 |
| 13 | Зајакнување на глсот на жртвите преку инклузија и трансформација на наративите | Мировна акција | Николче Јакимовскаи | .11.21 |
| 14 | Есенски вебинар за професори и наставници по географија:<br>Пролетен вебинар | Македонско географско друштво,Институт за географија ПМФ Униерзитет Св.Кирил и Методиј Скопје | Зорица Китановска | 29.11.2021<br><br>16.3.22 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Пополнување на он лине прашалник „Анализа на состојба со настава на различни наставни јазици во основни училишта“ | МОН | директор | 2.12.2021 |
| 16. | Обука за ХРМИС (ИСЧУР) | МИОА | Жаклина Масевска<br>Рената Крстевска | 17 -20.12.21 |
| 17. | Обука за проект Отворен ден“- Граѓанско образование | БРО | Драгица Јовановска<br>Стручна служба<br>директор | Јуни 2021 |
| 18 | Поттикнување на демократска клима во училиштето<br>Интернационализација на образование преку он лине учење и виртуелна мобилност<br>Програма за животни вештини и личен развој на учениците | МЦГО,МОФ<br>Ерасмус+ Универзитет во Истанбул, бизнис школа ДОБА Словенија; Универзитет Витаутас Магнус Литванија, Институт за комуникациски студии РСМ<br>МЦГО, БРО | Драгица Јовановска | 21.5.2021<br>15.6.2021<br>16-17.6.2021<br>10-15.5.22 |
| 20 | ЕДУИНО вебинари<br>Придобивки и предизвици од реализирана он лине | БРО<br>Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕТ Скопје<br>Здружение на просветни работници на град Скопје | Јелена Мандиќ | 4-29.11 2021; 1,15.12.2021<br>10.5-25.5.22 |
| 21 | Обуки за алатки Canva,LearningApps, Mathigon; Gejmifikacija | Здружение на одд наставници<br>Институт за модерно образование | Јелена Мандиќ | 22-23.2;17.3;11.4.22; 8.4.22 |
| 22 | Интеркултурално образование, модул Ц | Нансен дијалог Скопје-тренинг центар з интеркултурално образование | Јелена Мандиќ | .2-.3.22 |
| 23 | Меѓународна конференција СТЕМ | Образовни центар СТЕМ | Јелена Мандиќ | 18-19.5.22 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24 | Обука за имплементација фотоволтаични централи за заштеда на електрична енергија | ЛЕСС-Општина Куманово, Регулаторна комисија, ЕВН | директор | 6.5. 2022 |
| 25 | Пополнети прашалници за граѓанско образование | БРО,МОН | Драгица Јовановска | 14.2.2022 |
| 26. | Регулирање на статус на прераснати ученици од ромска националност | Општина Куманово- Актив на националности | директор | 28.4.2022 |
| 27. | Неформално образование во училишта преку користење на извиднички методи на работа | Сојуз на извидници на РСМ | Ивица Ѓоргиевски<br>Филип Зарковски<br>Јелена Мандиќ | 7-8.5.2022 |
| 28 | Регионална Конференција АНН-ЕХ-ЈУ „Свијет образовања брише границе"- Сараево,22 | Асоцијација на наставници од поранешни YU држави ANN-EX-YU | Јелена Мандиќ | 25-30.5.2022 |
| 29 | Потреба од засилена реализација на воспитна компонента во училиштата | Предавач проф д-р Розалина Попова Коскарова Педагошки факултет „Климент Охридски" Скопје | Одделнски и предметни наставници<br>Стручна служба | 16.6.2022 |
| 30. | Обука на наставници за нови наставни програми за 1 и 4 одделение и упатства за оценување за учебна 2022/23 година | БРО | Сите наставници кои предаваат во 1 и 4 одделение | 30.6.-1.7.2022 |

❖ Одржани обуки и дисеминации-2021/20222

| Наставник | Дата | Обука/семинар/вебинар | Организатор | Место |
|---|---|---|---|---|
| Лила Андоновска<br>Јелена Мандиќ<br>Тања Величковска | 22.09.2021 | Инструкции за родители за користење на дигитални учебници во 1 и 4 одд | дисеминација | Куманово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стручна служба | 22.1.2021<br><br>10.5.2021 | Концепција за основно образование-расправа за наставници и Совет на родители | десеминација | Куманово |
| Јелена Мандиќ | 16.6.2022 | БРО- ЕДУИНО Амбасадор | Изработка на материјали | Скопје |

- *Подобрување на условите за работа*: потребата е согледана од Развојниот план на училиштето за период 2020-2024 година, Самоевалуацијата 2020 и Годишната програма на училиштето за учебна 2021/2022 година :

Во текот на 2021/2022 година се продолжи со опремување на училиштето и со подобрување на условите за работата, зголемување на безбедноста на учениците во склад со развојниот план на училиштето донесен за 2020-2024.

-Училиштето и оваа учебна година обезбеди материјални средства потребни за во настава како донација на Х.З.Г Садакаја и тоа : 1 Демостративен часовник, 1 Вага за течност и тежина, 1 Мини систем, 2 Зелена табла, 2 Плутана табла, 2 Едукативни игри по математика, 2 Едукативни игри по македонски, 2 Постери свет на животни, 2 Танграм, 4 Броеви до 100 – слика, 2 Азбука кирилица печатна и ракописна, 2 Азбука латиница , 3 Дидактички материјали за 1,2,3 одд.

Пакет едукативни материјали и училишен прибор беа дел од училницата на I-1одд.добиени од страна на тренинг центар за интеркултурно образование Нансен Дијалог Центар Скопје.

Добиена опрема и нагледни средства за новите наставни програми за прво и четврто одделение и природни науки од „Проект за подобрување на основно образование“ на МОН.

Примена донација од проект „Граѓанско образование-ученички иницијативи“- 1 лап топ, 1 ЛЦД проектор, 10 бележници за настаници и 4 постери за кабинет по граѓанско образование.

Инсталирани се компјутерите од програмата „Компјутер за секое дете“ во МС Офис во секоја училница по еден компјутер, инсталирана е МС Тимс платформа за реализација на настава на далечина, но компјутерите се застарени и има потешкотии при реализација на наставата. За потребите на библиотеката е инсталиран 1 ПС компјутер и принтер, набавен 1 ПС, монитор, тастаура и глувче за секретар на училиште. Преку интерен Проект „Донирај Компјутер-да им помогнеме на учениците од нашето училиште“ на наставникот по информатика набавени се 10 компјутери за ученици од ранливи категории за следење на он лине наставата, како и преку донации на општина Куманово 12 таблети (2 не профункционираа) и 1 лап топ, како и донација на „Меѓаши“ на 12 картици за интернет. Се набави опрема и нагледни сретства по природни науки, биологија, хемија, ТО, физика и математика, материјали по ликовно образование, нови топки и реквизити за физичко образование за учениците од предметна и одделенска настава.

Web и facebook страните на училиштето редовно се ажурираат и се објавиваат позначајни активности, и група на наставнички колегиум на интернет на која се споделуваат информации и соопштенија во врска со работата и работните обврски.

Важните информации за настани и активности за цела недела со цел подобро информирање и подобрување на транспарентноста на случувањата од важност за наставниот кадар и училишното раководство се објавуваат на бела табла во наставничката канцеларија.

Во училишниот хол на видливо место има табла за информации на училишната заедница.

За потребите на училиштето има две големи платна односно завеси кои служат за уредување на холот при организирање на свечени настани и манифестации во училиштето.

- *Реновирање на инфраструктурата на училиштето:* потребата е согледана од Развојниот план на училиштето за период 2020-2024 година и Самоевалуацијата 2020 година.

Во изминатиот период беа реновирани кровот на училиштето и надворешна столарија на цело училиште со средства кои училиштето ги доби како донација од Јапонската амбасада и проект „145 училишни спортски сали“ добиен од МОН кој вклучува замена на надворешна столарија на приземјето и подрумски простории, адаптација на просторија во тоалет за ученици со инвалидитет и реконструкција на надворешна пристапна рампа. Во рамките на истиот проект училиштето склучи договор со МОН и Општина Куманово за реконструкција на фасада со елаборат за енергетска ефикасност, санација на тротоарите околу училиштето, санација на оџакот за парно греење и поставување на ветробран на влезот на училиштето.

Фискултурната сала која се користи заедно со ООУ „Наим Фрашери“ целосно е реновирана – опремена со нов паркет, фасада , целосно опремени купатила- санитарии, прозори и сл. во соработка со Општината

Што се однесува до малата фискултурна сала за одделенска настава се планира во иднина да се реновира подот, и де се набави соодветна опрема.

Адаптрана е просторија во приземен дел поранешен продолжен престој во училница за ученици од седмо и деветто одделение за потреби на ученици со инвалидитет.

-Од сопствени средства поставен е паркинг за велосипеди (за 7 велосипеди) и рампа за инвалидни лица на влезните скали

- Со донација од Општина Куманово изградено е спортско игралиште за кошарка и ракомет со тартан подлога, трибини и заштитна ограда во училишниот двор реновирано еден машки и еден женски тоалет на прв спрат и влезна порта на дворот на училиштето

Во делот на чистење,опремување и дезинфекција завршени се:

- Набавка и замена на дотраени светлечки елементи во училници и холови
- Набавка и поставување на искршени санитарии

- Поткрпување и кречење на оштетени делови на ѕидови во холови и училници
- Реконструкција на ѕидови и цокла и реконструкција на1 санитарен јазол на прв кат

Од приоритетите зацртани во годишната програма во тек е постапка за реализација:

-реновирање на фасада на училишниот објект за зголемување на енергетската ефикасност

-реконструкција на влезна порта на училишен двор

## 6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА ПО СТРУКТУРНИ ПОДРАЧЈА

Учебната/наставна година започна 1.9.2021 година, а заврши на 9.6.2022 година со 160 наставни денови (заради светската пандемија со вирусот Ковид 19 и штрајк на вработените ) според Календарот на учебна 2021/2022 година пропишан од МОН (Службен весник на РСМ бр.159/21,13/22,115/22) и Планот и Протоколите за постапување на основните училишта во РСМ за реализација на воспитно образовниот процес со физичко присуство на учениците од 1-9 одделение и можност за настава на далечина за одреден број ученици од 1-9 одделенија и Алгоритам за постапување на училитето во случај на појава на заболен, односно со симптоми, сомнителен/позитивен на Ковид 19.

Реализација на воспитно-образовната работа се одвиваше според утврдена динамика/ распоред на Скратена Годишна програма по сите структурални подрачја за учениците со настава со физичко присуство во училница. Во оваа учебна година стартуваше реализација на наставната програма за физичко и здравствено образование во прво, второ и трето одделение со 2 наставника, одделенски и предметен наставник и нов наставен план и програма за прво и четврто одделение.

Пред почетокот на учебната година сите наставници добија задолженија од сите подрачја на воспитно-образовната дејност:

- задолжителна настава по план и програма за девтгодишно од 1-9; изборна настава (6одд-Запознавање со религии; 7одд – Проекти од ликовно; 8одд – Истражување на родниот крај; 9 одд – Програмирање; Одделенски час (Образование за животни вештини); Дополнителна и додатна настава; Слободни ученички активности и проектни активности; Ученички екскурзии и други вонанставвни активности; Општествено корисна и хуманитарна работа; Грижа за здравјето и заштита на на учениците; Соработка со локалната заедница.

На крајот од оваа учебна година сите структурални подрачја се реализирани според планираниот број на часови, во рамките на реализираните наставни денови со физичко присуство на учениците одд 1-9 одделение, со исклучок на одреден број на ученици кои по барање на родители (потпишани изјави) следеа он лајн настава на платформата Микрософт Тимс и подготвен печатен материјал и термини за консултации за ученици кои немаа можности да ја следат наставата на платформата.

| Вкупно запишани ученици | Ученици со физичко присуство | Ученици со настава на далечина–Тимс платфо | Ученици со печатен материјал | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1-3 одд | 19 | 1 | / | 20 |
| 4-5 одд | 26 | / | / | 26 |
| 6-9 одд | 50 | / | 1 | 51 |
| вкупно | 95 | 1 | 1 | 97 |

Реализација на структурални подрачја на наставата во учебна 2021/2022 година:

| | Ред. настава | Одделен. час | Дополнителна и додатна | СУА | ВНА | ОКХ | Здрав. заштита | ИКТ | МИО | ЕКО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-1 | 713 | / | / | / | 184 | 11 | 33 | 200 | 25 | 20 |
| I-2 | 711 | / | / | / | 7 | 7 | 31 | 170 | 20 | 20 |
| II-1 | 744 | 30 | 57 | 29 | 8 | 8 | 33 | 230 | 35 | 37 |
| II-2 | 744 | 30 | 57 | 29 | 8 | 8 | 33 | 230 | 35 | 37 |
| III-1 | 835 | 30 | 66 | 31 | 5 | 8 | 55 | 266 | 13 | 21 |
| III-2 | 837 | 30 | 66 | 31 | 5 | 8 | 55 | 266 | 13 | 21 |
| IV-1 | 836 | 30 | 60 | / | 15 | 10 | 37 | 800 | 20 | 19 |
| IV-2 | 836 | 30 | 60 | / | 15 | 10 | 37 | 800 | 20 | 19 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V-1 | 935 | 30 | 57 | 28 | 9 | 10 | 32 | 280 | 16 | 30 |
| V-2 | 965 | 30 | 59 | 25 | 6 | 10 | 27 | 240 | 10 | 21 |
| VI-1 | 963 | 30 | 59 | 30 | 24 | 26 | 23 | 170 | 35 | 30 |
| VI-2 | 963 | 30 | 59 | 30 | 24 | 26 | 23 | 170 | 35 | 30 |
| VII-1 | 901 | 30 | 61 | 70 | 37 | 28 | 33 | 255 | 15 | 240 |
| VII-2 | 901 | 30 | 61 | 70 | 37 | 28 | 33 | 255 | 15 | 240 |
| VIII-1 | 1091 | 30 | 76 | 12 | 27 | 24 | 27 | 169 | 12 | 10 |
| VIII-2 | 1058 | 30 | 63 | 25 | 18 | 24 | 28 | 152 | 17 | 13 |
| IX-1 | 1024 | 30 | 92 | 30 | 30 | 34 | 30 | 314 | 36 | 38 |
| IX-2 | 1094 | 30 | 65 | 43 | 80 | 38 | 35 | 185 | 13 | 21 |
| Вкуп. | 16151 | 480 | 1018 | 483 | 539 | 318 | 633 | 5152 | 395 | 867 |

Во рамки на одделенскиот час на учениците им се презентирани теми од животни вештини со цел да се придонесе за личниот, емоционалниот и социјалниот развој на детето, како и за неговата физичка, ментална и социјална добросостојба. Директорот и стручната служба ја следеа реализацијата на работилниците за животни вештини и ги поддржуваа наставниците кои имаа потешкотии со реализацијата.

| Реализирани работилници од животни вештини на одделенски час | одделение | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вк бр на работилници по тема |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1-1 | 1-2 | 2-1 | 2-2 | 3-1 | 3-2 | 4-1 | 4-2 | 5-1 | 5-2 | 6-1 | 6-2 | 7-1 | 7-2 | 8-1 | 8-2 | 9-1 | 9-2 | |
| Работилници за личен раст и развој | 8 | 8 | 10 | 10 | 9 | 9 | 10 | 10 | 7 | 10 | 12 | 12 | 25 | 25 | 4 | 4 | 8 | 5 | 186 |
| Работилници за здрави животни стилови -здравје: Превенција од Ковид 19 | 10 | 9 | 10 | 10 | 6 | 6 | 10 | 10 | 10 | 10 | 9 | 9 | 5 | 5 | 7 | 7 | 8 | 9 | 150 |
| Работилници за унапредување на комуникација и превенција насилство | 11 | 10 | 10 | 10 | 15 | 15 | 10 | 10 | 13 | 10 | 9 | 9 | 4 | 4 | 8 | 8 | 14 | 8 | 178 |
| Вкупно по одделение | 29 | 27 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 34 | 34 | 19 | 19 | 30 | 22 | 514 |

-Реализирани активности за антикорупциска едукација на учениците согласно со задолженија дадени од МОН.

| Реализирани активности | одделение | | | | | | | | Вкупен бр на работилни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-1 | 6-2 | 7-1 | 7-2 | 8-1 | 8-2 | 9-1 | 9-2 | |
| Работилници за обработка на прашалник | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 8 |
| Работилници –предавање | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 16 |
| Работилници –вежби | | | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 16 |
| Работилници-борба против корупција | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 12 |
| Вкупно по одд | 3 | 3 | 7 | 7 | 8 | 8 | 8 | 8 | 132 |

Беше зголемена контролата на користење на современи наставни средства и помагала а особено ефикасноста на користење на ИКТ во наставата и педагошка евиденција и документација, особено е-дневник, од страна на директорот и стручната служба и со посета на часови по изготвен распоред и протокол за следење на сите наставници а особено приправници и фидбек на наставниците; од ДПИ И МОН со извршени повеќе редовни инспекцицки увиди.

## 7.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

- **Извештај од проект: Еко –училиште**

*** Формирање на еко-одбор**

| |
|---|
| Членови на нашиот еко одбор се: директорот на училиштето, психологот, педагог, предметни и одделенски наставници, претставници од техничкиот пероснал, ученици, претставник од медиумите, претставник од совет на родители. Членовите од еко-одборот учествуваат во планирање, организирање и реализирање на активностисте од Програмата. Во еко-одборот се вклучени 12 ученика (5 момчиња и 7 девојчиња). Бројот на наставници вкличени во еко-одборот е 10 (1 машко и 9 женски наставници). |

***Анализа на состојбата на животната средина**

| |
|---|
| Нашето училиште има изработено анализа на состојбата на животна средина со посебен акцент на хигиена и заштита од Ковид 19. Во реализација на анализата на состојбата учествуваа ученици, наставници, претставници од стручна служба и директорот. Анализа на состојба на животна средина беше спроведена со цел да се добие јасна слика за хигиенската состојба во училиштето. Со цел да помогне во идентификување на работите кои можат да се подобрат се направи истражување во неколку области: здравје, училишна околина, намалување на отпад и вода, при што се земен во предвид четирите еко-стандарди. Прашалниците содржат неколку прашања кои бараат одговори од типот да/не и на нив одговараат ученици, наставници, родители.При изработка на овие прашалници се послуживме со (Анекс 2) од прирачникот „Како да се стане еко-училиште".Добиените резултати ја покажуваат состојбата во училиштето по области. Резултатите од анализата и изведените заклучоци беа презентирани со презентирање на годишната |

програма за работа на училиштето на наставничкиот совет.

*** План на активности**

Нашето училиште има изработено план на активности. Планот на активности беше изработен врз основа на еко-стандардите и приоритетите кои ги добивме од анализата на состојбата. При изработка на планот на активности се водевме според ревидираниот  Анекс 3 од прирачникот „Како да се стане еко-училиште" во кој од уебнта 2018/19 година е извршено ревидирање на стандардите, точките на акција и критериуми за апликација . Планот на актвност содржи 4 точки а акција од ЕКО СТАНДАРД 5. ОТПАД. Стандардот за отпад како задолжителен ни беше приоритетен и оваа учебна година.Членовите на еко одборот беа вклучени во планирање, организирање и реазлизирање на предвидените активности.

*** Следење и евалуација на напредокот**

Нашето училиште има направено следење и евалуација на напредокот. При изработка на овој чекор се послуживме со Анекс 4 од прирачникот „Како да се стане еко училиште" и прилог број 6 (формулар). Поголем дел од активностите предвидени за оваа учебна година се реализирани. Оние што не се поради **состојбата со вирусот covid 19** стануваат како приоритет за наредната година.

*** Поврзување со наставната програма**

Како дел од Годишната програма за работа на училиштето меѓу друго е и Програмата за еколошка едукација. Во програмата за еколошка едукација се планира и нејзиното поврзување со наставата, за таа цел се планира реализација на еколошки содржини од 9те теми предвидени по различни предметеи од одделенска и предметна настава: информатика, математика, географија, историја, биологија, хемија, ликовно образование, запознавање на околината, природа, општество, работа со компјутер, музичко образование, етика, природно науки, граѓанско образование и др.(Прилог 6)

*** Информирање и вклучување на целото училиште и пошироката заедница**

| |
|---|
| Нашето училиште ги извастува учениците, вработените, родителите и сите останати во однос на спроведените активности од Програмата, во облик на соопштенија и извештаи кои се истакнуваат редовно на огласна табла во училиштето, на електронското гласило на училиштето и преку електронски медиуми. |

*** Еко-кодекс**

| |
|---|
| Нашето училиште има изработено еко-кодекс. Во неговата изработка беа вклучени ученици членови на еко секција и наставници. Еко кодексот беше истакната во холот на училиштето. |

:

| |
|---|
| Вклучени ученици во реализација на програмата 97 ученици (42 момчиња и 55 девојчиња) |

:

| |
|---|
| Вклучени наставници во програмата 27 наставници (5 мажи и 22 жени) |

*<u>II.Активности од четирите еко-стандарди</u>*

| |
|---|
| Нашето училиште има изработено план на активности. Планот на активности беше изработен врз основа на еко-стандардите и приоритетите кои ги добивме од анализата на состојбата. При изработка на планот на активности се послуживме со со Анекс 3 од прирачникот „Како да се стане еко-училиште". 4 точки на акција од ЕКО СТАНДАРД 5. ОТПАД имаме вметнато во планот на активности. ЕКО СТАНДАРД 5. ОТПАД како задолжителен ни беше приоритетен. |

Кои точки на акција од еко-стандардите ги имате реализирано и какви се придобивките од нивната реализација?

1.Поставување на корпи за селекција на отпад, целта беше воспоставување на пракса за селекција на отпад, ова беше предвидено да се реализира во текот на целата учебна година.

2. Евиденција на собраниот отпад, целта беше следење на процесот на селекција и намалување на отпад, ова беше предвидено да се реализира во текот на целата учебна година.

3. Поставување упатства за селекција на отпад на видно место, со цел едукација за намалување на отпад преку организирана селекција.

4. Формирање на еко-патроли кои ќе го следат, надгледуваат и котролираат процесот на имплементација на овие активности, со цел следење, надгледување и контролирање на селекцијата на отпадот.

Учениците беа активно вклучени во планирање, организирање и реазлизирање на точките на акција од четирите еко-стандарди.

| Датум | ЕКО активности: | Реализатор |
|---|---|---|
| 1.9.2021 | Едукција за Ковид 19-мерки за заштита | На одделенски час од 1-9 одделение |
| 8.9.2021 | Правилно миење на раце | На одделенски час од 1-9 одделение |
| 15.9.2021 | Чистење од отпад на училишен двор и спортски терен „Земја без отпад“ | Ученици од 1-9 одделенија |
| 16.10.2021 | Креативна работилница на тема „Здрава храна“ и своите творби ги изложија во холот на училиштето | Ученици од 1-3 одделение |
| 22.10.2021 | - **Еко логик-Вело училишта** он лине меѓуучилишен натпревар Еко маало | Ученици од 7 до 9 одд. |
| 14.12.21 | Креативна изработка на велосипеди од природен материјал и изложба во хол на час по ликовно<br>Возење на велосипед на цик цак полигон поставен во холсо користење на рачни сигнали и демонстрирање на безбедно возење на час по физ и здр образ | Ученици од 1-5 одд |

| | | |
|---|---|---|
| 05.03.2022 | Одбележување на „ Светски ден на заштеда на енергијата“, со изработка и презентирање на презентација | Ученици од 7 до 9 одд. |
| 21.03.2022 | Одбележување на „ Ден на екологија “, акција на чистење, засадување на зеленило, изработка на еко катчиња, креативна пренамена на отпад пластика и хартија | Ученици од 1 до 9 одд. |

- **<u>Проект – „Меѓуетничка интеграција во образованието”</u>**

Реализирани заеднички активности со паретнер училиште ООУ Наим Фрашери Куманово

| активност | Опис на активноста | Податоци/индикатори | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Единица мерка | број | % |
| 1. Гостувања/меѓусебни посети | Потпишување на меморандум за соработка | Број на наставници-м<br>-а | 7<br>7 | |
| | Меѓусебни посети за верските празници „Велигден“ и „Рамазан Бајрам“ | Број на ученици макед<br>Број на ученици албан<br>Број на наставници-м<br>а | /<br>/<br>5<br>5 | |
| | Свечено пуштање во употреба на спортски терен во училишен двор | Број на наставници-м<br>а | 10<br>10 | |
| 2.Приредби и прослави-изложба на изработки на ученици | Патронен празник на училиштата<br>Одбележување на меѓунар ден на деца со попреченост | Број на ученици макед<br>Број на ученици албан<br>Број на наставници-м<br>Број на наставници-а | 5<br>5<br>3<br>3 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Пуштање на сензорна соба во ООУ Наим Фрашери | | 1 | |
| 3.Мултикултурни работилници | Работилници за запознавање и учење на зборови за пролет на двата јазика | Број на ученици макед<br>Број на ученици албан<br>Број на наставници-м<br>а | 10<br>10<br>1<br>1 | |
| 4.Спортски натпревар | одбојка | Број на ученици макед<br>Број на ученици албан<br>Број на наставници-м<br>а | 10<br>10<br>1<br>1 | |
| 5. Еколошки активности | Заедничка акција на чистење на училишниот спортски терен и тревни површини | Број на ученици макед<br>Број на ученици албан<br>Број на наставници-м<br>а | 20<br>20<br>4<br>4 | |
| 6. Настан во организација на ЗГ ЦИД на училишен спортси терен на 21.6.2022 | -Ревијални спортски активности со мешани родови групи-кошарка<br>-Отворено кино | Број на ученици макед<br>Број на ученици албан<br>Број на наставници-м<br>а | /<br>/<br>1<br>1 | |

Реализирани самостојни активности:

| Активност | Опис на активноста | Податоци/индикатори | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Единица мерка | број | % |
| 1.Животни вештини | Одржани одделенски часови | Сите ученици од 1-9одд<br>Број на реализирани часови | 97 | 100 |
| Содржини во наставни предмети | Имплементирани МИО содржини во сите наставни предмети | Сите наставници од 1-9 одделение<br>Број на реализирани часови | 97 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проект *во соработка со ЗГ „Доверба“* | Реализирање на дводневен семинар и по 2 работилници месечно од февруари-јуни на тема „Ненасилно решавање на конфликти со медијација“ | Ученици со мешан етнички состав од ОСТУ Наце Буѓони“ Куманово | 20 | |
| Еко-интеркултурна активност-нансен дијалог | Еколошки активности-чистење на училишен двор; Работилница за запознавање на животни, обележја на нашиот град и држава; изработка на разгледници и украси | 1-1 одделение | 4 | 100% |

- **<u>Проект – „Безбедни училишта“</u>**

| **Одделенски тимови за безбедност** | | | **Тимови за безбедност по паралелки** | **УЧИЛИШЕН ТИМ ЗА БЕБЕДНОСТ** |
|---|---|---|---|---|
| **Одд.** | **Позиција** | **Име и презиме** | **Име и презиме** | **Име и презиме** |
